Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јули 2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект ХОТЕЛ ХОЛИДЕЈ ИН со седиште на ул.Филип Вори Македонски бр.5, ги исполнува условите за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

### Образложение

МАКЕДОНИЈА ТУРИСТ А.Д. Скопје со седиште на ул.Филип Втори Македонски бр.5 Скопје, поднесе Барање бр.УП I 13-91 од 28.3.2022 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ ХОЛИДЕЈ ИН – Скопје, за хотел од прва категорија со пет ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр.УП I 13-91 од 18.5.2022 година, констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од прва категорија со пет ѕвезди супериор, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 41-5134/1
5 јули 2022 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

dr. Artan Grubi

Подготвил: Тања Поповска
Проверил: Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Зоран Брњарчевски
Одобрил: м-р Методија Димовски